РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2596/7
17-12-2021

Врз основа на член 22 став 7 а во врска со член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по сопствена иницијатива на 55 – та седница, одржана на ден 16.11.2021 година донесе

## ОДЛУКА

**Се запира** постапката по предметот со број 09-96/1 од 09.01.2020 година, оформен по поднесена пријава од страна на непознат подносител, против службеното лице ___________- член на совет на Општина ______, бидејќи именуваната постапила по прекршочниот платен налог бр. 09-2596/4 од 08.11.2021 година издаден за констатиран прекршок од член 56 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 105 став 1 алинеја 14 од истиот закон.

Предметот со број 09-96/1 од 09.01.2020 година се затвора и архивира.

## Образложение

Предметот со број 09-96/1 од 09.01.2021 година е оформен по доставена пријава од страна на непознат подносител, против лицето ___________ – член на совет на Општина _____ затоа што, во законски предвидениот рок после вработување на член на нејзиното семејство (сопруг) во орган на локалната самоуправа не ја известила ДКСК.

Вака констатираната состојба е спротивна на член 56 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК на наведеното лице му издаде и достави прекршочен платен налог за прекршок по член 56 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 105 став 1 алинеја 14 од истиот закон.

На ден 01.12.2021 година, __________-член на совет на Општина _____, до ДКСК достави копија од уплатница за уплата на глоба по доставниот прекршочен платен налог со бр. 2596/4 од 08.11.2021 година.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Е.М, советник
Одобрил: Н.Б член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**